# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА АКТИВО ЗА 2024 ГОДИНА

## Програма АКТИВНИ ГРАЃАНИ – ДВИГАТЕЛ НА ОДДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ

АКТИВО од Велес, во партнерство со НВО Инфоцентар преку проектот „Здружени за активно граѓанство“поддржан од Европската Унија во соработка со Општина Чашка организираше работна средба за изработка на новата Младинска стратегија 2025-2029 година во општина Чашка. Во отворен и партиципативен процес младите од Општина Чашка имаа можност да ги идентификуваат стратешките приоритети, цели и активности во Општина Чашка. Настанот се одржа на 09 октомври 2024 година во просториите ООУ Тодор Јанев во населба Чашка.



На настанот, кој е дел од напорите на општината за изработка на Локална младинска стратегија во Чашка, учествуваа двасетина млади од населените места Чашка, Извор и Горно Јаболчиште, како и членови на организации за млади и младински организации кои делуваат во општината.

Лидија Пљакова од Општина Чашка предочи дека младите ја имаат поддршката од страна на Општина Чашка за изработка на новата Локална младинска стратегија како стратешки документ на општината. Ја нагласи можноста за поддршка, при изработка на проектни апликации од страна на младите со кој ќе бидат реализирани нивните приоритети.

Дејан Ристов од АКТИВО го модерираше настанот, ги водеше младите низ процесот на дефинирање на приоритетните области, како и младински потреби и препораки кои ќе бидат составен дел од новата Локална младинска стратегија 2025-2029 година на Општина Чашка.

ЦЕНТАР НА АКТИВНИ ГРАЃАНИ АКТИВО ВЕЛЕС
ул.„Трајко Панов“ бр.22, 1400 Велес, Република Северна Македонија
aktivoveles@gmail.com ЕМБС: 7190174, ЕДБ:4004017514954
жиро сметка: 210-0719017401-18 НЛБ Банка АД Скопје



На работната средба присуствуваше и Трајче Мишкоски, Претседател на Советот на Општина Чашка. Мишкоски ги мотивираше присутните да ги донесат приоритетните области и нивните потреби и истакна дека младите ја имаат неговата поддршка и поддршката на Советот за конкретни идеи и активности кои се во нивни интерес.



Оваа иницијатива ќе придонесе за активно вклучување на младите во носењето одлуки на локално ниво, поголема информираност, јакнење на улогата на младите во општината, препознавање на младинските потреби и предизвици, поттикнување на напредокот и развојот на младите како и зајакнување на нивната улога во општеството.

Одржувањето на настанот е мотивирачки чекор младите од општина Чашка да практикуваат активно граѓанство преку дефинирање на приоритетните области во новата Локална младинска стратегија идентификување на приоритетите на младите и да работат во градењето на подобра иднина во локалната средина за сите граѓани.

**УСВОЕНА ЛОКАЛНА МЛАДИНСКА СТРАТЕГИЈА 2025-2029 ВО ОПШТИНА ЧАШКА**

Советот на Општина Чашка, на седницата одржана на 15 ноември 2024 година, донесе Одлука за усвојување на Локалната младинска стратегија 2025-2029 година на Општина Чашка. Одлуката беше донесена едногласно, со 11 гласови ЗА и ниту еден против.

Повеќегодишната соработка на Општина Чашка со АКТИВО од Велес, во партнерство со НВО Инфоцентар преку проектот „Здружени за активно граѓанство“ поддржан од Европската Унија, во напорите за унапредување на младинските политики и вклучувањето на младите резултираше со реализација на иницијативата за подготовка на нова младинска стратегија, подготвена во отворен и партиципативен процес со младите.

Дваесетина млади од населените места Чашка, Извор и Горно Јаболчиште, како и членови на организации за млади и младински организации кои делуваат во општината беа вклучени во идентификувањето на стратешките приоритети, цели и идни активности во Општина Чашка.

Стратегијата опфаќа осум клучни тематски области (младинско учество, младинско информирање, младинска работа, образование, култура, здравје, претприемништво и поддршка пред вработување, и безбедност), стратешки приоритети, цели и активности по за секоја од областите.

Иницијативата во соработка со Општина Чашка придонесе за активно вклучување на младите во носењето одлуки на локално ниво, поголема информираност, јакнење на улогата на младите во општината, препознавање на младинските потреби и предизвици, поттикнување на напредокот и развојот на младите како и зајакнување на нивната улога во општеството. Усвојувањето на локалната младинска стратегија е мотивирачки чекор за младите да практикуваат активно граѓанство.



**ПРОГРАМА ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ**

**ПОДАТОЦИТЕ ОД РЕГИСТАРОТ НА ВИСТИНСКИ СОПСТВЕНИЦИ ВО ЗЕМЈАВА НЕ СЕ КОРИСТАТ ЗА БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА**

Центарот за граѓански комуникации, Здружението на даночни советници и Активо ја објавија Анализата на користењето на податоците за вистинските сопственици во борбата против корупцијата во Северна Македонија.




Анализата покажа дека:

- Надлежните институции во земјава **малку** ги користат податоците за вистинските сопственици во насока на спречување, откривање и санкционирање на перењето пари и во борбата против тероризмот, а се чини, воопшто не ги користат за други цели и за спречување корупција, криминал и злоупотреби во другите области.
- Институциите и надлежната Управа за финансиско разузнавање имаат **различни податоци** за бројот на случаи против перењето пари и финансирањето тероризам.
- Од 2022 до април 2024 година, Управата **примила 194 иницијативи** од надлежните органи од кои, натаму, изработила и **поднела 21 извештај** до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Дополнително, Управата во истиот период поднела до ова обвинителство и 50 извештаи за сомнителни трансакции, по сопствена иницијатива.
- Од вкупно 71 извештај што Управата го има поднесено до Обвинителството, **70 % се по сопствена иницијатива**, а останатите 30 % по претходно примена иницијатива од некоја од надлежните институции.

- Од 17 институции во земјава со коишто Управата треба да соработува, од кои осум се директно наведени во законот дека треба да се борат против перењето пари и финансирањето тероризам, **само две имаат конкретни бројки за случаите** за коишто користеле податоци од Регистарот на вистински сопственици.
- Северна Македонија **не ја презеде** обврската што ја препорача ММФ за време за кризата со КОВИД-19 – да ги објави имињата на вистинските сопственици на фирмите што склучиле договор за јавни набавки поврзани со корона-кризата.
- Земјата **не ја спроведе ниту заложбата** од Националниот акциски план за Партнерството за отворена власт 2021 – 2023 да ги објавува јавно вистинските сопственици на фирмите понудувачи и на оние што добиле договор за јавна набавка.
- И Европската Унија и ОЕЦД имаат забелешки за недоволното користење на податоците од регистарот на вистински сопственици.
- За унапредување на користењето на податоците за вистинските сопственици во земјава **се препорачува**: проширување на опфатот на вистинските сопственици, олеснување на пристапот до податоците до поширок круг на заинтересирани страни, поврзување со други бази и податоци, поголема интероперативност меѓу институциите и унапредување на проверката на податоците.

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Проектот „Користење на податоците за вистинските сопственици за намалување на корупцијата“ е поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас. Мислењата кои се изразени овде не нужно ги одразуваат ставовите на Швајцарската влада, Цивика мобилитас или организациите што ја спроведуваат.

**МОНИТОРИНГ: ОПШТИНИТЕ И ПОДДРШКАТА ЗА КУЛТУРА**

Поддршката за култура на локално ниво во Северна Македонија е регулирана преку законска рамка која ја дефинира улогата и надлежностите на општините во оваа област. Според Законот за локална самоуправа, општините имаат обврска да организираат културни манифестации, да поддржуваат и поттикнуваат различни форми на културно творештво, и да ги негуваат локалните традиции, како што се фолклорот, обичаите и старите занаети. Дополнително, општините се задолжени за управување и одржување на културни установи како домови на културата и музеи, што претставува основен дел од нивните надлежности.



Централната власт, пак, преку Министерството за култура, а во рамки на Законот за култура, обезбедува финансиска поддршка за локални културни проекти преку капитални дотации. Всушност, Законот за култура ги регулира начините на институционална и финансиска поддршка за културни установи и проекти, вклучувајќи можности општините да добиваат средства од државниот буџет преку капитални дотации за културни проекти.



За да се добие подетален увид како општините ги остваруваат обврските во сферата на културата според Законот за локална самоуправа, НВО Инфоцентарот, во соработка со партнерските организации: Спектар од Крива Паланка, Организација на жените од Струмица, Граѓанската иницијатива на жени од Свети Николе и Активо од Велес, во периодот септември – ноември 2024 година, спроведе мониторинг на шест општини – Куманово, Велес, Струмица, Свети Николе, Лозово и Босилово.

Целта на мониторингот беше да се добие подетална слика за начинот на кој општините го планираат, организираат и финансираат културниот развој на локално ниво. Преку пристапот до информации од јавен карактер општините ни доставија податоци и информации за тоа дали имаат стратешки документи, како ги подготвуваат годишните програми, каква е организациската структура на општинските единици задолжени за култура, вклучувајќи ги бројот и распределбата на вработените во овие сектори/одделенија. Мониторингот ги разгледа и финансиските аспекти, како што се буџетите на општините за културни програми, процентуалниот удел на културните активности во вкупниот општински буџет, како и поддршката за културни институции и проекти. Преку овој мониторинг, се истражуваше и финансиската поддршка за независни уметници, културни работници и граѓански здруженија кои работат во областа на културата, како и начините на кои општините собираат повратни информации од граѓаните и другите заинтересирани страни при изготвувањето на културните програми.

**Клучни наоди**




Ниту една од мониторираните општини нема стратешки документ за развој и поттикнување на културата и уметноста на локално ниво. Сите општини изготвуваат годишни програми за култура, за чија реализација секоја година се издвојуваат од 0.65% до најмногу 3% од општинските буџети. Општините не обезбедуваат дополнителни средства за развој на културата и уметноста од меѓународни донатори и странски програми за култура. Се потпираат исклучиво на општинскиот буџет.

Дел од општините ги консултираат граѓаните и засегнатите страни при подготовката на годишните програми за култура. Некои општини објавуваат јавен повик за доставување предлог – проекти за реализација на активности и настани од областа на културата, а како подносители можат да се јават здруженија, фондации, јавни установи и други правни лица кои имаат цели, задачи или регистрирана дејност од областа на културата или социјално – хуманитарната дејност.

Во повеќето општини нема посебен сектор за култура, а во некои нема ниту посебно одделение односно културата е во надлежност на други сектори и одделенија. Најчесто станува збор за одделенија кои покриваат и други области покрај културата, на пример, образование, социјална дејност, спорт и др.
Најмногу средства на општините се трошат за музичко-естрадни настани и манифестации. На пример, во Општина Велес, три години по ред, речиси половината од буџетот за култура се троши за манифестацијата Фестивал на питата и виното, а сумата од година во година расте. Идентично е и со манифестацијата Овчеполски гроздобер во Лозово.

Проектите поддржани и реализирани од општините, генерално, се повторуваат секоја година. На пример, Општина Лозово традиционално најмногу пари за култура издвојува за Овчеполскиот гроздобер. Во Свети Николе, како активности од културата се повторува поддршката за „Моторијада“, фестивалот „Тодорица“, Денот на шегата и др. Во Велес, тоа е Фестивалот на питата и виното, Рациновите средби, Фестивалот на античка драма и др. Општина Куманово му дава поддршка на „Мото фест Куманово“, а финансира меѓународен тамбурашки фестивал, денови на комедијата и др. Во Струмица редовна финансиска поддршка добиваат фестивалот на афоризми и карикатура „Астерфест“, фестивалите „Под кулите на Струмица“, „Струмица Open“ и др.

Во некои општини, како Куманово, организацијата на манифестациите и фестивалите се реализира преку фондација основана од локалната самоуправа – Фондација за култура и спорт Куманово. Фондација е задолжена за една третина од програмските настани за култура. Фондацијата има четворица вработени, а програмите и извештаите за работа се разгледуваат и усвојуваат од советите на општините. Тие се јавуваат на јавниот оглас за поддршка на проекти од културата.


Општините како Велес, Куманово и Лозово, не обезбедуваат средства за поддршка на независните уметници. Општина Струмица во последните три години одвојува средства за поддршка на независното творештво, додека општина Свети Николе тоа го направила во 2023 година.




Мониторингот е реализиран во рамки на проектот „Активни граѓани и партиципативна демократија на локално ниво“, поддржан од меѓународниот центар „Улоф Палме“ од Шведска.

**МОНИТОРИНГ: ОПШТИНИТЕ И РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ**

Во Република Северна Македонија постои широка национална стратешка и законска рамка за воспоставување и промовирање на родовата еднаквост во општеството: Закон за еднакви можности на жените и мажите, Стратегија за родова еднаквост 2022 – 2027, Национален план за родова еднаквост 2022 – 2024, Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022 – 2026 и др. Сите овие документи ги артикулираат прашањата за родовата еднаквост, преку низа институционални заложби, мерки и активности. Покрај институциите на национално ниво и општините имаат обврска да реализираат активности за унапредување на родовата еднаквост на локално ниво.




Според Законот за еднакви можности на жените и мажите, единиците на локалната самоуправа се обврзани, во рамките на своите надлежности, да го почитуваат и применуваат принципот на еднакви можности. Ова подразбира промовирање и унапредување на еднаквите можности меѓу жените и мажите преку преземање основни и посебни мерки, како и изготвување на годишен план за нивна реализација. Дополнително, општините се должни да го инкорпорираат принципот на еднакви можности во своите стратешки планови и буџети, да ги следат ефектите и влијанието на своите програми врз жените и мажите, и редовно да известуваат преку годишните извештаи. Тие, исто така, треба активно да учествуваат во подготовката на стратегијата за родова еднаквост, особено во делот што се однесува на единиците на локалната самоуправа. Покрај тоа, општините се обврзани да формираат комисии за еднакви можности и да назначат координатори за оваа област.

Во последните две години, под влијание на анти-родовите здруженија и активисти, дел од општините направија измени и дополнувања во своите годишни програми за еднакви можности и интервенираа во родовата терминологија. Притоа, родовите концепти и терминологија се сведени исклучиво на половата димензија, што значително го ограничува поширокото значење и примената на концептот на родова еднаквост.

Имајќи го предвид ова, НВО Инфоцентарот, со партнерските организации (Спектар од Крива Паланка, Организација на жените од Струмица, Граѓанската иницијатива на жени од Свети Николе и Активо од Велес) спроведе мониторинг за да провери дали општините имаат годишни програми и стратешка рамка за родова еднаквост, како и дали се направени измени во програмите од аспект на родовите концепти и терминологија. Мониторингот го опфати периодот од 2022 до 2024 година (заклучно со септември), а се реализираше во осум општини – Крива Паланка, Куманово, Велес, Струмица, Свети Николе, Лозово, Босилово и Ново Село. До сите општини беа доставени барања за пристап до информации од јавен карактер, а дополнително беа истражени и интернет-страниците на општините, како и објавите во медиумите кои се однесуваат на темите поврзани со

мониторингот и мониторираните општини.

Оваа активност е реализирана во рамки на проектот „Активни граѓани и партиципативна демократија на локално ниво“, поддржана од меѓународниот центар Улоф Палме од Шведска.




**Клучни наоди**

Иако, сите општини имаат обврска да ја интегрираат родовата еднаквост, во согласност со законот за еднакви можности и релевантните стратешки документи, мониторингот покажа дека реализацијата на локално ниво е нерамномерна и со значителни разлики меѓу општините.

Повеќето од мониторираните општини немаат сопствена стратешка рамка за унапредување на родовата еднаквост, но речиси сите имаат годишни програми за еднакви можности. Во исто време, иако во општините постојат комисии за еднакви можности, тие не се ниту многу активни, ниту доволно транспарентни. Ретко се состануваат, а ниту една општина не достави записници од нивните состаноци во изминатите три години.

Дури пет општини (Струмица, Куманово, Свети Николе, Босилово, Ново Село) во текот на 2023 година направиле измени и дополнувања во своите годишни програми и терминот „род“ го замениле со „пол“. Овие измени не се само јазични, туку се концептуални. Ваквата промена на родовата терминологија претставува суштинска трансформација на пристапот кон политиките за еднакви можности на локално ниво. Замената на „род“ со „пол“ ја намалува и ограничува способноста на општините да се справат со комплексните родови прашања, а сето ова сериозно ја поткопува родовата еднаквост како стратешка цел. Промените го ограничуваат опфатот на мерките и ги исклучуваат поширокиите аспекти на родовата еднаквост, како што се родовите улоги, родовите стереотипи и родово базираното насилство. Ова доведува до маргинализација на ранливите групи, како ЛГБТИ+ заедницата, но и ја намалува одговорноста на институциите за интеграција на родовата перспектива во јавните политики.




**ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА КАКО ПОДДРШКА ЗА ГРАЃАНИТЕ И ЗАЕДНИЦАТА**

Активо во 2024 година беше корисник на Програмата „Здружени за активно граѓанство" на НВО Инфоцентар, поддржана од Европската Унија, континуирано соработува и ги охрабрува локалните граѓански организации (ГО) да ги развиваат нивните капацитети за мобилизација, застапување и одржлив развој. Едновремено ги поддржува нивните напори да го прошират и зајакнат своето влијание.




Користењето на алатките на вештачката интелигенција (ВИ) може да е од голема помош за граѓанските организации. Едновремено, користењето на ВИ алатките може да ја направи секојдневната работа на граѓанските организации полесна, побрза и поефикасна.

Истражете ги можностите што ви ги нуди ВИ и почнете да ги користите веднаш!

**Кампања #ВИзаГО**

Вештачката интелигенција – или скратено, ВИ – веќе не е само технологија на иднината, туку алатка која може да донесе големи придобивки за граѓанските организации. Со вклучувањето на ВИ во секојдневната работа, организациите може да го зголемат своето влијание во заедницата.
Вештачката интелигенција му дава многу можности на граѓанскиот сектор, но исто така, носи, и голема одговорност и серозни предизвици. Како што се зголемува употребата на ВИ, така се зголемува и потребата од етички стандарди и регулација. Многу аспекти на ВИ се сè уште нејасни и се наоѓаат во таканаречената „сива зона“.
Во време кога граѓанските организации во својата работа сè повеќе се потпираат на вештачката интелигенција, сајбер-безбедноста станува сè поважна. Кога користите ВИ алатки, треба да внимавате што внесувате како податоци и како ги користите.
Вештачката интелигенција е интегрирана во многу алатки кои можат да бидат корисни за граѓанските организации.

ЦЕНТАР НА АКТИВНИ ГРАЃАНИ АКТИВО ВЕЛЕС
ул.„Трајко Панов“ бр.22, 1400 Велес, Република Северна Македонија
aktivoveles@gmail.com ЕМБС: 7190174, ЕДБ:4004017514954
жиро сметка: 210-0719017401-18 НЛБ Банка АД Скопје